# Корисничко упатство за услугата „Плати на пријател“

Комерцијална банка

Најавете се на мобилната апликација мБанка и осигурете се дека ја имате активирано опцијата за вршење трансакции.

**Напомена:** Доколку досега не сте ја активирале опцијата за вршење трансакции, тоа може да го направите преку Интернет банка на Комерцијална банка



## Подесување за да примате средства

Сè што треба да направите (1):

- Отворете го Менито со допир на трите линии во горниот десен агол на екранот
- Изберете го полето „Подеси Плати на пријател“



Сè што треба да направите (2):

- Проверете го Вашиот телефонски број во полето означено за тоа.

**Напомена:** Доколку повеќе не го користите наведениот телефонски број, потребно е да направите ажурирање на личните податоци.

Телефонскиот број мора да биде оној кој е наведен во контакт податоците кои Банката ги има за Вас и не може да се користи друг или повеќе броеви кои не се наведени како податок во Банката.



## Плаќање преку телефонски број

„Плати на пријател“ опцијата е можна само за контакти од именикот на Вашиот телефон, кои имаат сметка во Комерцијална банка и ја имаат активирано оваа опција во мБанка.

Постапката за плаќање е едноставна:

- Изберете ја опцијата „Нов налог“
- Во тип на налог изберете „Плати на пријател“



Потоа:

- Изберете контакт од именикот
- Внесете износ и опис (на пример, за кафе, смути и сл.)
- Кликнете на копчето Плати.

**Напомена:** Доколку изберете телефонски број што не е регистриран во регистарот, ќе добиете порака дека налогот не може да се реализира.



Доколку не сакате да примате пари од пријатели на овој начин, отстранете го Вашиот телефонски број од регистарот со клик на опцијата „Отстрани број“.

**Напомена:** И по отстранување на Вашиот број од регистарот, ќе можете да префрлате пари на свои пријатели од именик кои го имаат регистрирано својот телефонски број во регистарот.

